ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 13-313/6**

**Дата:** 29.03.2013

**ДО**
**АД ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**
**ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ СКОПЈЕ**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на усогласеност на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки кои имаат реализација во 2011 година во Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Македонија во државна сопственост Скопје (во натамошниот текст АД ЕЛЕМ Скопје).

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на АД ЕЛЕМ Скопје за 2006 година, при што овластениот државен ревизор се воздржа од давање мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и изрази негативно мислење за законското и наменското трошење на средствата.

За регуларноста на начинот и постапките за доделување на договорите за јавни набавки кои имаат реализација во известувачкиот период за 2011 година во АД ЕЛЕМ Скопје изразивме мислење со резерва за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со извршената ревизија на усогласеност во АД ЕЛЕМ Скопје констатирано е дека:

- Изготвениот план за јавни набавки за 2011 година не ги содржи сите податоци утврдени со законските и подзаконските акти и
- Утврдени се неправилности во начинот и постапките за доделување на договори за одредени јавни набавки и реализацијата на склучените договори поврзани со набавките кои се однесуваат на : континуирано ангажирање на работна сила од надворешни субјекти, набавка на тркалести лежишта и ангажирање на помошна градежна механизација во РЕК Битола и РЕК Осломеј.

За поголем дел од утврдените состојби кои се однесуваат на постапката за изготвување на план за јавни набавки, набавка на лежишта и ангажирање на помошна градежна механизација во 2012 и 2013 година одговорните лица во АД ЕЛЕМ Скопје делумно или целосно презеле мерки и истите се надминати, додека за останатите состојби потребни се натамошни активности за нивно надминување.

Законскиот застапник на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Македонија во државна сопственост Скопје и членот на управниот одбор и воедно директор за комерцијални работи на ден 11.03.2013 година доставија забелешки по Нацрт извештајот за извршена ревизија на усогласеност на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки кои имаат реализација во 2011 година во АД за производство на електрична енергија Електрани на Македонија во државна сопственост Скопје заведени во Државниот завод за ревизија под број 13-313/5 од 11.03.2013 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на усогласеност на начинот и постапки за доделување на договорите за јавни набавки во Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Македонија во државна сопственост Скопје (во натамошниот текст АД ЕЛЕМ Скопје) кои имаат реализација во 2011 година.

1.2. Ревизијата од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија на финансиските извештаи на АД ЕЛЕМ Скопје за 2006 година, при што овластениот државен ревизор се воздржа од давање мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и изрази негативно мислење за законското и наменското трошење на средствата.

1.4. Регуларноста на јавните набавки од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

-д-р Влатко Чинговски – Генерален директор;

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за начинот и постапки за доделување на договорите за јавни набавки, склучените договори за јавни набавки и следење на нивната реализација.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации поврзани со начинот и постапки за доделување на договорите за јавни набавки се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за регуларноста на јавните набавки од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации поврзани со начинот и постапки за доделување на договорите за јавни набавки, склучените договори по тој основ и нивната реализација се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за обезбедување ревизорски доказ за проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на усогласеност на начинот и постапките за доделување на договорите за јавни набавки е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите при спроведување на постапки за јавни набавки и реализацијата на склучените договори по тој основ се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Информациите и податоците кои се предмет на овој извештај се засновани врз важечката законска регулатива во Република Македонија и одредбите на договорите за доделување на јавна набавка.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дека :

- обезбедено е соодветно планирање на вкупните потреби на набавки во соодветната година по видови на стоки, услуги и работи, утврден е очекуваниот почеток на набавката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за доделување на договор;
- АД ЕЛЕМ Скопје располага со соодветен кадровски капацитет за имплементација на законската регулатива во сферата на јавните набавки;
- постапките се спроведуваат во согласност со законската регулатива[1] односно:
    - донесена е соодветна одлука за потребата од јавна набавка;
    - изготвена е уредна и веродостојна тендерска документација;
    - обезбедено е подеднакво право на учество на сите економски оператори во постапката за доделување на договор за јавна набавка;
    - спроведена е соодветна постапка за доделување на договор за јавна набавка;
    - извршена е правилна евалуација на понудите и доделување на договор за јавна набавка;
    - доделените договори на економските оператори по спроведените јавни набавки се во согласност со утврдената тендерска документација и
- обезбедено е следење на реализацијата на склучениот договор за јавна набавка по количина, вредност, соодветен квалитет, временска рамка за

[1] Закон за јавните набавки („Службен весник на РМ" бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11).

негова реализација и други одредби од договорот кои се однесуваат на доставени гаранции, наплатени пенали поради задоцнување и сл.,

односно информациите и податоците за јавните набавки се ослободени од значајни погрешни прикажувања.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за обезбедување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на сите фази од процесот на планирање, доделување и извршување на договорот за јавна набавка, проценување на користени процедури и важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај и давање општа оценка за регуларноста на јавните набавки. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања/постапувања во јавните набавки без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на информациите и податоците за јавните набавки со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 17/09/2012 до 25/12/2012 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Пристап на ревизијата

Во текот на ревизијата беа опфатени постапки за доделување на договорите за јавни набавки за стоки, услуги и работи спроведени во периодот од 2008 до 2011 година кои имаат реализација (евидентирани обврски и извршени плаќања) во известувачкиот период за 2011 година.

Вкупно евидентираните обврски спрема добавувачи од земјата и странство во 2011 година во АД ЕЛЕМ Скопје изнесуваат 23.452.018 илјади денари (Прилог бр.1). Со цел да се изврши точен и целосен увид во евидентираните обврски спрема добавувачите кои подлежат на Законот за јавните набавки, ревизорите од овој износ ги изземаа: обврските (меѓусебните односи меѓу Дирекција и подружниците) кои за сметководствени потреби двојно се евидентирани, обврските спрема добавувачите за кои согласно законот не се применуваат членовите 192 и 193; обврските спрема договорни органи кои имаат ексклузивно право и други обврски кои не подлежат на јавна набавка.

Крајниот ефект од спроведената анализа на вкупните обврски е намалување на нивниот износ за 47%, односно вкупниот износ на обврски спрема добавувачите од земјата и странство за кои е потребно да се примени Законот за јавните набавки изнесува 12.435.668 илјади денари што преставува 53%.




Со извршениот увид во начинот и постапки за доделување на договорите за јавни набавки кои имаат реализација во известувачкиот период за 2011 година, ревизијата опфати 10.511.999 илјади денари или 85% од евидентираните обврски спрема добавувачите во земјата и странство.

**Процес на јавни набавки**

Начинот и постапки за доделување на договори за јавни набавки во АД ЕЛЕМ Скопје, согласно усвоениот План за тековно одржување, започнува со иницирање на интерна нарачка и барање за согласност за набавка. Доколку барањето е одобрено на истото се потпишува раководителот и Директорот на Секторот за комерцијални работи во подружницата и Директорот на подружницата, по што истото се доставува до Директорот на Секторот за комерцијални работи во Дирекцијата на АД ЕЛЕМ Скопје. Директорот на Секторот за комерцијални работи го проследува барањето понатаму до раководителот на Одделот за заеднички набавки, кој по извршениот преглед и анализа го одобруваат истото за реализација на набавката. Во зависност од тоа дали набавката се однесува за повеќе подружници или се работи за поспецифична набавка, истите се спроведуваат во Дирекцијата или во подружниците.

Одобреното барање за набавка се проследува до референтите за отпочнување на процесот на јавна набавка. Се изготвува Одлука за јавна набавка која се парафира од Директорот на Секторот за комерцијални работи или во негово отсуство од раководителот на Одделот за заеднички набавки и истата се потпишува од Генералниот директор на АД ЕЛЕМ Скопје. За набавките до 5.000 евра во денарска противвредност кои се спроведуваат во Дирекција, одлуките се попишуваат од Директорот на Секторот за комерцијални работи или во негово отсуство од раководителот на Одделот за заеднички набавки, а во подружниците ја потпишува Директорот на подружницата. Одлуката ги содржи сите потребни елементи согласно член 28 од Законот за јавни набавки. Секоја постапка се објавува на WEB страната на Бирото за јавни набавки, Службен весник на Република Македонија, а по потреба и во Службено гласило на Европската унија. По истекот на рокот за прием на понудите, на одредениот датум се одржува јавно отворање на понудите. Комисијата ги разгледува и оценува понудите за што изготвува Записник од одржаното јавно отворање и Извештај за извршеното оценување (евалуација) со предлог за избор на најповолен понудувач. Во одредени случаи, кога како критериум за избор е определено да се оценува и квалитетот, од страна на директорот на подружницата, секторскиот или Генералниот директорот на Дирекцијата на АД ЕЛЕМ - Скопје се донесува решение за формирање стручна комисија, која има обврска да врши техничка евалуација на понудите и за тоа да изготви извештај со предлог бодирање на понудите.

Врз основа на предлогот на Комисијата за јавни набавки за извршениот избор на најповолен понудувач се донесува Одлука за избор која се одобрува од Директорот на секторот за комерцијални работи, а ја потпишува Генералниот директор на АД ЕЛЕМ - Скопје. По извршениот избор до сите понудувачи се доставува Известување за избраниот носител на набавката, во предвидениот рок. По истекот на законски одредениот рок за поднесување на жалба, се склучува Договор за реализација на набавката во согласност со Упатството за изработка на договор. Во предвидениот законски рок до Бирото за јавни набавки се доставува известување за склучениот договор заради објавување на неговата веб страна.

Последните години, во АД ЕЛЕМ Скопје воспоставена е пракса, отпочнувањето на постапките за јавни набавки да се спроведе три месеци пред да измине рокот на важност на тековните договори се со цел навремено да се започне постапката за набавка и со тоа да не се доведе самиот субјект во одредена неповолна положба.

Постапката за набавка според барање од Годишната инвестициона програма (ГИП) е слична или иста со веќе опишаната, со тоа што самото барање за набавка по ГИП е на посебен образец, кој се поднесува од страна на Директорот на подружницата, а потоа се одобрува од сите секторски директори во Дирекцијата, а на крај и од Генералниот директор на АД ЕЛЕМ .

Комерцијалната служба во Дирекцијата и подружниците водат регистар на отворени постапки, ограничени постапки, постапки со преговарање, постапки со прибирање на понуди и истите како месечни извештаи се доставуваат до Директорот на Комерцијалниот сектор на Дирекцијата. Со цел да се овозможи поцелосно и подетално анализирање и следење на Планот за тековното одржување имплементиран е и се користи интерен програм (софтвер), изработен во Одделот за заеднички набавки. Секој референт кој ја води постапката за набавка ја следи реализацијата на договорите.

Фактурите од добавувачите за испорачаната стока или извршената услуга/работа преку архивата се доставуваат до референтите за набавка. Референтот по проверка на фактурата со договорот и приемницата што се издава од магацините каде е складирана стоката и по извршената квантитативна и квалитативна контрола од Комисијата за квалитативен прием или внатрешниот и надворешниот надзор за градежните работи, истата ја доставуваат до Секторот за финанси за плаќање.

После вака направената проверка, а пред предавање на фактурата во Секторот за финансии – Служба за финансиска оператива, фактурата се внесува во погоренаведениот интерен програм, кој овозможува следење на реализацијата на договорот.

Следење на реализацијата – плаќањата по договор врши и Службата за финансиска оператива, со следење на доспеаноста и формалната исправност на фактурата.

АД ЕЛЕМ Скопје се стекна со сертификат за квалитет откако во своето работење го имплементира системот за управување во согласност со стандардот ИСО 9001. Во рамките на овој сертификат опфатени се процедурите за набавка, формирање на листа на одобрени добавувачи, рекламирање на набавени материјали, производи и услуги и упатство за изработка на договор.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на АД ЕЛЕМ Скопје предмет на ревизија, одржан на ден 27 декември 2012 година.

На ден 11.03.2013 година со писмо број 11-1319/1 примени се забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 13-313/4 од 07.02.2013 година.

Забелешките се разгледани и е оценето дека истите по својата содржина претставуваат известување за превземените мерки по дадените препораки на овластениот државен ревизор кои се обелодените во Конечниот извештај.

Текстот на забелешките по Нацрт извештајот на ОДР и одговорот на забелешките се дадени во прилог на Конечниот извештај.

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Управниот одбор на АД ЕЛЕМ Скопје во законски утврдениот рок донел Одлука за усвојување на Планот за јавни набавки за 2011 на АД ЕЛЕМ Скопје бр.02-5023/121/3 од 21.10.2010. Надзорниот одбор на друштвото на 29.10.2010 година го разгледал и прифатил Планот за јавни набавки. При извршениот увид во начинот на планирање на јавните набавки, ревизијата ги утврди следните состојби:

- не се применува општиот поимник за јавни набавки, како референтна номенклатура што се применува во постапките за доделување на договори за јавни набавки, за означување и опис на предметот на јавната набавка. Од одговорното лице во АД ЕЛЕМ Скопје, како и од дописот доставен од една подружница, добиена е информација дека деловите со кои располага друштвото се заведени со интерни шифри и нивното прилагодување на нумеричките шифри од општиот поимник е сложен процес, за чија организација и примена потребен е подолг временски период на прилагодување;
- доставените поединечни планови од подружниците не се унифицирани, односно во некои од нив не се назначени проценетите вредности на договорите и очекуваниот почеток на постапките;
- сите доставени поединечни планови од подружниците не содржат податоци за видот на постапките за доделување на договорите, поради што овие податоци недостасуваат и во Планот за јавни набавки за 2011 на ниво на АД ЕЛЕМ Скопје.

Оваа состојба не е во согласност со член 26 од Законот за јавните набавки, Правилникот за форма и содржина на годишниот план на јавни набавки и одредбите од Уредбата за општиот поимник за јавните набавки и може да влијае врз планирање на јавните набавки.

Одговорното лице во АД ЕЛЕМ Скопје информираше и достави докази дека наведените недостатоци во процесот на планирање на јавните набавки (со исклучок на примената на општиот поимник за јавни набавки) се отстранети и изготвениот план за јавни набавки за 2012 и 2013 година е во согласност со законската регулатива. Што се однесува до примената на општиот поимник се очекува истиот да се применува со воведувањето на новиот електронски систем.

**Препорака**

Одговорното лице во АД ЕЛЕМ Скопје во иднина да продолжи со преземање активности за унапредување на начинот на планирање на јавните набавки и имплементирање на општиот поимник за јавни набавки.

### 4.2. Користење на средствата согласно законски прописи

4.2.1. АД ЕЛЕМ Подружница РЕК Осломеј во текот на своето работење има воспоставено пракса на континуирано ангажирање на работна сила од надворешни субјекти. Работната сила не се ангажира преку Агенција за времени вработувања што не е во согласност со Закон за агенциите за привремените вработувања и член 22 од Закон за работни односи, туку по пат на склучување на рамковни договори со тројца економски оператори по претходно спроведена отворена постапка за јавни набавки. Ваквиот начин на ангажирање на работна сила не е во согласност и со член 18 од Закон за извршување на буџет на Република Македонија за 2011 година, каде е наведено дека, трговските друштва основани од Република Македонија можат да вработуваат работници на определено време, на неопределено време и да склучуваат договори за отстапување на работник за привремени вработувања, за вршење на привремени работи само под услов ако за тоа се обезбедени финансиски средства во финансиските планови за тековната фискална година и доколку за истите, по претходно поднесено барање, добиле известување од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства.

Во 2010 година вредноста на рамковната спогодба е 94.400 илјади денари, а во 2011 година 109.740 илјади денари со вклучен ддв. По основ на ангажирана работна сила, во 2011 година, создадени се обврски во износ од 69.936 илјади денари, од кои подмирени се 67.926 илјади денари.

Со увид во тендерската документација од спроведените постапки за доделување договори за јавни набавки во 2010 и 2011 година, ревизијата утврди дека, не е наведено од која стручна спрема на работна сила колку лица се потребни за извршување на работите. Исто така, договорниот орган во тендерската документација ги има наведено максималните бруто цени за час редовна работа кои би ги исплатил и минимална цена за час редовна работа која ја плаќа понудувачот на работникот, со вклучена храна и превоз. Вака изготвена тендерска документација, не е во согласност со одредбите од Правилникот за содржина на тендерската документација и ја оневозможува конкуренцијата меѓу економските оператори што не е во согласност со член 2 од Законот за јавни набавки.

Со ревизија на склучените договори и фактурите кои произлегуваат од облигаторните односи, ревизијата утврди дека, постои разлика помеѓу договореното и фактурираното. Согласно член 12 од склучените договори наведено е дека, извршителот на ангажираните работници ќе им плаќа работа во празник и придонеси согласно Закон за работни односи, а нарачателот на услугите во случајот АД ЕЛЕМ подружница РЕК Осломеј, ќе им плаќа годишен одмор и празници кои паѓаат во работен ден, по цена на час за редовна работа. Во Спецификацијата која е составен дел на договорот склучен во 2010 година, наведена е само максималната бруто цена за час за редовна работа која ќе ја исплати нарачателот и

минималната цена за час за редовна работа која ја плаќа понудувачот на работник со вклучена храна и превоз. Во договорот од 2010 година не е наведено дека нарачателот на услугата ќе плаќа за ноќна работа ниту е е предвидена во тендерската документација, а истата се појавува во доставените фактури од страна на економските оператори. Исто така ноќната работа не е предвидена во тендерската документација за 2011 година, а истата е договорена во договорите од 2011 година. Оваа состојба не е во согласност со член 165 став 1 од Закон за јавните набавки и доведува до зголемени расходи, со што се ограничуваат средствата на друштвото за други намени.

Во прилог на забелешките законскиот застапник достави Решение за формирање комисија заведено под број 03-931/2 од 19.02.2013 година, која има обврска да "изврши проверка на целокупната документација по јавните набавки број 07-29/2010 и број 07-08/2011 и да ја утврди разликата помеѓу договорениот и фактурираниот износ во истите. Врз основа на констатираната состојба, Комисијата да предложи начин и постапка за враќање на неосновано исплатениот износ".

**Препорака:**

Одговорните лица во РЕК Осломеј да преземат активности:

- обезбедувањето на дополнителна работна сила да се врши согласно Закон за агенциите за привремените вработувања и Закон за работни односи и
- да се воспостави внатрешна контрола која ќе обезбеди проверка на фактурите со договорите пред нивно сметководствено евидентирање и одобрување за исплата.

Комисијата за јавни набавки да преземе активности со кои ќе обезбеди:

- тендерската документација да се изготвува согласно Правилникот за содржина на тендерската документација, односно да не се наведуваат лимити на цените и
- одредбите во склучените договори да ги содржат елементите на понудата која е доставена согласно тендерската документација.

4.2.2. На крајот на 2010 година Комисијата за јавни набавки во АД ЕЛЕМ Скопје започнала постапка за доделување на договор за јавна набавка на тркалести лежишта. За таа цел во март 2011 година биле доделени рамковни договори со осум економски оператори по претходно склучена рамковна спогодба без повторно прибирање на понуди со спроведување на отворена постапка за јавна набавка. Финансиската рамка за реализација на оваа набавка, вклучувајќи ги договорите со сите избрани понудувачи е 88.500 илјади денари со вклучен ддв. Рокот на важност на договорот е една година. Во ноември 2011 година со секој од економските оператори склучен е анекс кон основниот договор, при што планираната вредност за реализација на набавките е зголемена за 40%, односно за 35.400 илјади денари со вклучено ддв и изнесува вкупно 123.900 илјади денари. По основ

на доставените фактури за набавка на лежишта во 2011 година, создадени се обврски во износ од 98.705 илјади денари, од кои измирени се 89.775 илјади денари.

Со увид во тендерската документација, ревизијата утврди дека огласот за доделување на договор за јавна набавка не е објавен во Службено гласило на Европската унија или во соодветна деловна публикација или технички или професионален весник кој е достапен на широката меѓународна јавност иако проценетата вредност на договорот за јавна набавка, без вклучен ДДВ, е над 500.000 евра во денарска противвредност, што не во согласност со член 54 од Законот за јавните набавки.

Со извршениот увид во сметководствената документација и во начинот на реализација на склучените рамковни договори со економските оператори ревизијата ги утврди следните состојби:

- Во АД ЕЛЕМ Скопје, воспоставена е пракса лежиштата да се набавуваат од оние економски оператори кои во моментот кога се јавува потреба од нив, ги поседуваат во своите магацини или може во најкус рок да ги обезбедат од производителот. Во најголем број случаи лежиштата не се набавуваат од добавувачите кои според цената и квалитетот се јавуваат како прворангирани за дадени лежишта и кои се составен дел на нивниот договор во вид на спецификација. Поради тоа, најчесто лежишта кои се набавуваат се со повисока вредност од лежиштата кои ги понудиле прворангираните добавувачи;
- Ревизијата не беше во можност да обезбеди докази дека се применуваат одредбите од склучените договори каде е наведено дека доколку добавувачот што е прворангиран за одредени позиции, се откаже од испораката на лежиштата од било кои причини писмено ќе го извести купувачот. Од приложената документација, се констатира дека во секој случај, одговорните лица во АД ЕЛЕМ Скопје пристапуваат кон прибирање на понуди од ограничен број на добавувачи, кои според нивно мислење можат да ги обезбедат лежиштата во најкусо време и со потребниот квалитет. Овој начин на набавка не е во согласност со спроведената постапка за доделување на договор за јавна набавка - рамковна спогодба без повторно прибирање на понуди;
- Доколку се јави потреба од лежишта кои не се вклучени во спецификацијата составен дел на тендерската документација, одговорните лица во АД ЕЛЕМ Скопје бараат понуди од неколку понудувачи, кои според нивно мислење може да одговорат на потребата, а не од сите избрани понудувачи, како што е наведено во одредбите од склучените договори;
- Постојат случаи кога се набавува од добавувач кој за одредени лежишта е прворангиран, но сепак од доставените фактури до АД ЕЛЕМ Скопје може да се согледа дека неговите цени се повисоки односно, отстапуваат од понудените во тендерската документација. Одговорните

лица во АД ЕЛЕМ Скопје и добавувачот на лежиштата информираа дека наведените лежишта во тендерската спецификација претставуваат основен тип и дека спецификацијата не ги опфаќа сите можни видови од тој тип лежиште. При испораката на лежиштата добавувачот ги доставува оние видови кои ги поседува во својот магацин и кои најчесто се со повисока вредност од основниот вид.

Наведената состојба укажува на непочитување на повеќе одредби од склучените договори со економските оператори кои се однесуваат на: набавка на лежишта од добавувачите кои не се избрани како прворангирани, плаќања по цени кои не се во согласност со доставените понуди, непочитување на рокот на испорака на лежиштата (3 дена по добиената нарачка или во рок од 30 дена од залихата на странскиот производител), а при тоа не се наплатува договорна казна, несоодветно постапување во случај кога прворангираниот добавувач не е во можност да го обезбеди потребното лежиште и во случај кога лежиштето не е опфатено во спецификацијата составен дел на тендерската документација.
Ваквиот начина на набавка на лежиштата, придонело одговорните лица во АД ЕЛЕМ Скопје да пристапат кон склучување на анекси кон основните договори, со кои цената на вкупната набавка се зголемиле за 40%, при што ревизијата не се увери дека ова зголемување е во согласност со член 198 од Законот за јавни набавки. До крајот на реализацијата на договорите (март 2012 година) вкупната набавка го надминала и зголемениот износ согласно склучените анекси за 627 илјади денари.

Оваа состојба не е во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки и предизвикува можност од нееднаков третман и дискриминација на економските оператори, нетранспарентност во процесот на доделување на договори за јавни набавки и несоодветно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

Одговорните лица во АД ЕЛЕМ Скопје доставија појаснување за причините поради кои не се постапува согласно одредбите од склучените договори. Според нив, самиот предмет на набавка е сложен во поглед на изготвување спецификација на сите потребни лежишта, одредување на потребата од нивната количина, а ненавремената замена на соодветните лежишта може да доведе до застој во погоните. Во 2013 година од нивна страна преземени се активности за надминување на оваа состојба, односно изготвен е интерен програм кој автоматски ги генерира нарачките и обезбедува лежиштата да се набавуваат исклучиво од добавувачите кои се прворангирани за соодветното лежиште, согласно договорените цени. Овој програм овозможува следење на рамковните договори со цел да не се надмине вредносната рамка.

**Препорака**

Одговорните лица во АД ЕЛЕМ Скопје и во иднина да продолжат со преземање на сите неопходни активности за надминување на утврдените состојби и да обезбедат законско постапување при спроведување на постапките за доделување на договорите за јавни набавки.

4.2.3. АД ЕЛЕМ Скопје за потребите на РЕК Битола и РЕК Осломеј, ангажира помошна градежна механизација. Ангажирањето се врши врз основа на склучени рамковни договори во 2010 и 2011 година со повеќе економски оператори. Вкупна вредност на склучените договори е 1.020.700 илјади денари со вклучено ддв од кои 861.400 илјади денари се за РЕК Битола и 159.300 илјади денари се за РЕК Осломеј. Во одредбите од склучените договори е предвидено обемот на секоја конкретно извршена услуга заеднички да ја констатираат двете договорни страни врз основа податоците од ГПС[2] системот. Во исклучителни ситуации кога не е возможно да се користи овој систем договорено е обемот на услугата заеднички дневно да го констатираат двете договорни страни со записник и евидентирање во градежна книга.

Со извршениот увид во сметководствената евиденција ревизијата не беше во можност да се увери во реалноста на дел од евидентираните обврски. Имено, во РЕК Битола евидентирани се обврски во вкупен износ од 435.916 илјади денари кои се однесуваат на ангажирана помошна механизација. За поголем дел од нив во износ од 256.249 илјади денари ревизијата утврди дека во периодот од октомври 2010 до мај 2011 година не бил имплементиран ГПС системот, односно во доставените фактури наведени се само саати на активна работа на ангажираната помошна механизација. Истакнуваме дека во периодот откако е воведен ГПС системот фактурите доставени од економските оператори се со помала вредност поради наведени помал број на саати на активна работа, а повеќе пасивни саати, чија вредност е пониска. Истата состојба е констатирана и во РЕК Осломеј, каде се евидентирани обврски во износ од 74.738 илјади денари.

Договорот за набавка, испорака, монтажа и имплементација на ГПС уреди за следење и локација на механизација и возила на АД ЕЛЕМ Скопје е склучен во јануари 2011 година со негова примена во рок од 10 дена за налог до 10 возила и 35 дена за налог над 10 возила од воведување во работа. При тоа во периодот кога не бил воведен ГПС системот, лицата кои биле одговорни за следење на обемот на извршената услуга изготвувале записници, но истите содржеле само часови на активна работа.

Наведеното создава можност од несоодветно утврдување на фактичката состојба и доведува до зголемени расходи, со што се ограничуваат средствата на друштвото за други намени.

[2]GPS е кратенка од Global Positioning System што значи глобален систем за позиционирање

Во 2012 година оваа состојба е надмината и следењето на обемот на извршена услуга е преку инсталиран ГПС систем, поради што ревизијата се воздржува од давење препорака.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 4.1 и 4.2., чие влијание се одрази врз издаденото мислење од страна на ревизијата е:

- Изготвениот план за јавни набавки за 2011 година не ги содржи сите податоци утврдени со законските и подзаконските акти и
- Утврдени се неправилности во начинот и постапките за доделување на одредени договори за јавни набавки и реализацијата на склучените договори поврзани со набавките кои се однесуваат на: континуирано ангажирање на работна сила од надворешни субјекти, набавка на тркалести лежишта и ангажирање на помошна градежна механизација во РЕК Битола и РЕК Осломеј.

## 5. Ревизорски заклучок

**Заклучок за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањето изнесено во точката 4.1. и 4.2. активностите, финансиските трансакции и информации поврзани со начинот и постапки за доделување на договорите за јавни набавки, склучените договори по тој основ и нивната реализација се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност

Ревизијата смета дека потребно е да се обелоденат состојби кои според својата материјалност претставува важна позиција во делот на евидентирани и платени обврски во 2011 година.

6.1. Во февруари 2006 година, по спроведена постапката за јавна набавка во 2005 година, склучен е договор меѓу АД ЕЛЕМ - Скопје и добавувач, правно лице од Словенија, за изградба и финансирање на ХЕЦ Света Петка. Вредноста на договорот е околу 2.523.814 илјади денари (41.037.621 евра), а рокот на извршување на работите е 34 месеци, односно заклучно со 17.04.2009 година. Во јануари 2009 година, добавувачот доставил барања за дополнителна исплата на средства во вредност од 1.287.921 илјади денари (20.941.800 евра) и продолжување на рокот за 24 месеци. Во април 2010 година, одговорните лица во АД ЕЛЕМ Скопје до правното лице, изведувач на работите, поднеле барање за наплата на штета во висина од 862.146 илјади денари (14.018.642 евра). Договорните страни не постигнале согласност во однос на поднесеното барање, поради што се обратиле до Комисијата за пресудување на спорови,

која била формирана со нивна согласност. Комисијата за пресудување на спорови донела неколку одлуки, од кој петата е конечна и врз основа на истата договорните страни пристапиле кон склучување на Спогодба. Спогодбата е склучена во ноември 2011 година во која е наведено дека изведувачот има право на дополнителна исплата во вкупен износ од околу 922.009 илјади денари (14.992.019 евра), и продолжување на рокот за завршување на проектот за 12 месеци, односно заклучно до 30.04.2012 година, а АД ЕЛЕМ Скопје, има право на надомест за претрпена штета во вкупен износ од 321.457 илјади денари (5.226.935 евра).

На ревизијата, презентиран е примерок од градежен дневник од 27.07.2012 година, од кој може да се види дека објектот ХЕЦ Света Петка е ставен во пробна употреба, извршена е прва синхронизација на 27.07. 2012 година и спроведени се неколку испитувања. На ден 05.02.2013 година издаден е сертификат за преземање на објектот од изведувачот односно истиот е превземен во сопственост на АД ЕЛЕМ. Не е презентиран документ од кој може да се согледа дека надлежна институција извршила технички преглед на објектот и не е издадено Одобрение за ставање во употреба на градбата.

6.2. Во април 2010 година договорниот орган склучил договор за јавна набавка со правно лице од Германија за набавка и монтажа на главниот транспортен систем со траки во Брод Гнеотино. Вредноста на договорот е околу 1.065.085 илјади денари (17.318.462 евра) и рок на извршување на работите 365 дена, без вклучени 21 ден тест период. Во сметководствената евиденција искажани се обврски во вкупен износ од 860.555 илјади денари и извршени плаќања во вкупен износ од 720.564 илјади денари.

Во ноември 2011 година договорниот орган склучил анекс на основниот договорот со кој е предвидено да се зголеми неговата вредност за дополнителни 25.201 илјади денари (409.780 евра) и продолжен е рокот на завршување на активностите до декември 2011 година. Овие измени се должат на промените во основниот дизајн и топографијата на проектот, дополнителни часови за ангажиран персонал и трошоци за патување, како и дополнителни трошоци за монтажа кои се однесуваат на продолжениот период на траење и завршување на договорот.

Со извршениот увид во доставената документација, ревизијата констатира дека, договорниот орган со задоцнување, односно во септември 2012 година изготвил Условен записник за примопредавање на завршените активности согласно договорот. Во Условниот записник е наведена обврската на економскиот оператор по преземањето на сите корективни активности да издаде Записник за целосно примопредавање на опремата согласно утврдените услови од договорот. До денот на завршување на ревизијата не е изготвен Записник за целосно примопредавање на опремата. Исто така, договорниот орган постапувајќи согласно Глава – Посебни услови точка 27.1. од склучениот основен договорот на ден 12.09.2012 година доставил фактура до странскиот добавувач за наплата на казнени пенали поради ненавремено

завршување на работите, но до денот на завршување на ревизијата истата не е наплатена. На ден 04.03.2013 година АД ЕЛЕМ писмено се обратил до банката гарант за наплата на банкарската гаранција за навремено и квалитетно извршување на работите чиј износ соодветствува со износот на фактурата за казнени пенали поради ненавремено завршување на работите.

Скопје, 26/03/2013 година

## ПРИЛОГ БР.1

во 000 денари

| Опис | салдо 2010 | должи 2011 | побарува 2011 | салдо 2011 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=2+4-3 |
| Обврски спрема добавувачите за постојани средства | 37.028 | 51.936 | 46.210 | 31.302 |
| Обврски спрема добавувачите за обртни средства | 909.021 | 5.495.141 | 5.600.673 | 1.014.553 |
| Обврски за нефактурирани стоки и услуги во земјата | - | - | 109.407 | 109.407 |
| Добавувачи во земјата - интерна фактура Дирекција - Енергетика | 35.915 | 135.363 | 168.054 | 68.606 |
| Обврски спрема добавувачи интерна Пазар | 24.175 | 24.175 | - | - |
| Обврски спрема добавувачи - граѓани | 5.000 | 35.177 | 30.677 | 500 |
| Добавувачи за пресметани камати | 40.471 | 14.074 | (26.397) | - |
| Обврски спрема добавувачи платени во име на подружници на ЕЛЕМ | 6 | 2.067.038 | 2.067.032 | - |
| Вардар Осигурување - доплата штета | - | 890 | 890 | - |
| Сава Табак- доплата штета | - | 18.085 | 18.085 | - |
| Вардар Осигурување - цела штета | - | 7.858 | 7.858 | - |
| Сава Табак- цела штета | - | 13.618 | 13.618 | - |
| Добавувачи во земјата - откуп на девизи | - | 2.319.926 | 2.319.926 | - |
| Добавувачи заедничка набавка | 1.059.205 | 4.943.513 | 4.811.843 | 927.535 |
| Добавувачи заедничка набавка - инвестиции | 95.383 | 1.105.545 | 1.419.795 | 409.633 |
| Добавувачи останато | 101.286 | 39.369 | 130.189 | 192.106 |
| Обврски спрема добавувачи во странство за постојани средства | 86.524 | 4.054.094 | 4.114.260 | 146.690 |
| Обврски спрема добавувачи во странство за обртни средства | 990 | 224.996 | 224.894 | 888 |
| **Вкупно:** | **2.395.004** | **20.550.798** | **21.057.014** | **2.901.220** |

ЕЛЕМ
ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА

АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, п. фах 16, Р. Македонија

11 - 1319/1

**До**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Ул. Македонија 12/3 Скопје**

**Предмет:** ЗАБЕЛЕШКИ НА НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР
Врска: ваш број 13-313/4 од 07.02.2013

Почитувани,

Во прилог на овој допис Ви доставуваме, забелешки на Нацрт извештајот за извршена ревизија на усогласеност на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки кои имаат реализација во 2011 година.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 11.03.2013 | | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | | |
| 13 | 313/5 | | |

Со почит,

Сектор за комерција
Директор: Коста Папастеревски

Ко: Архива на АД ЕЛЕМ

ЕЛЕМ
ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА

АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, п. фах 16, Р. Македонија

11 - 1319/1
08 -03- 2013

**До**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Ул. Македонија 12/3 Скопје**

**Предмет:** ЗАБЕЛЕШКИ НА НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР
Врска: ваш број 13-313/4 од 07.02.2013

Почитувани,

На ден 08.02.2013 го добивме Вашиот Нацрт извештај за извршена ревизија на усогласеност на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки кои имаат реализација во 2011 година.

Најнапред би сакале да го изразиме нашето задоволство од коректниот и професионален однос кој го покажавте за време на вршењето на ревизијата.

Нацрт извештајот го разгледавме со многу големо внимание и во предвидениот рок од 30 дена, Ви доставуваме наши забелешки и појаснувања во врска со наодите во Точките 4.1, 4.2, како и во точка 6 од Нацрт извештајот.

**Точка 4.1:**

По однос на последниот став од наодите во оваа Точка (пред препораката), би сакале да напоменеме дека утврдените недостатоци се отстранети и со изготвениот План за јавни набавки за 2012 година.

Доказ: Копија од Планот за јавни набавки за 2012 година, кој Ви го доставуваме како **Прилог 1** на овој допис.

**Точка 4.2:**

**4.2.1 Договор за ангажирање на работна сила од надворешни субјекти**

Во поглед на наодите наведени во оваа Точка, би сакале да дадеме појаснување во поглед на потребата од набавката и условите од тендерската постапка:

Имено, ангажирањето на работна сила од надворешни субјекти е повеќегодишна пракса во Подружница РЕК Осломеј – Кичево и истото се практикувало поради специфичностите

на работниот процес. Имено Подружница РЕК Осломеј – Кичево, која работи во рамките на АД ЕЛЕМ Скопје и произведува електрична енергија, во својот состав има термоцентрала и рудник. Специфичностите на овој работен процес, се состојат во тоа што и покрај постоечката систематизација, а заради континуирано и непречено одвивање на работниот процес, во определен период се јавува потреба за итно ангажирање на дополнителна работна сила, како на пример: чистење на транспортни траки за јаловина и јаглен во ПЕ Рудник кои се во должина од околу 10 км., одржување на пристапни патишта во рудник, зголемена потреба од помошна браварска сила, чистење на траки за јаглен и пепел во ПЕ Термоелектрана, одржување на паркови и зеленило во рудник и термоцентрала и слично. Бројот на овие лица ангажирани преку надворешни субјекти е променлив во зависност од потребите на подружницата. Средствата за оваа јавна набавка секогаш се предвидуваат во Финансискиот план на АД ЕЛЕМ и овој начин на ангажирање на лица е користен од две причини и тоа: Прво, заради честата променливост на потребниот број на овие лица што не би можело да се реализира ако лицата се ангажирани преку Агенција за привремено вработување и второ, финансиските средства потребни за ангажирање на овие лица би биле далеку повисоки доколку истите би биле ангажирани преку Агенција за привремено вработување.

Веќе објаснивме дека во тендерската документација не сме можеле да предвидиме точен број на лица што ќе се ангажираат, бидејќи тоа зависи исклучиво од потребите на производствениот процес. Исто така, во тендерската документација предвиден е само степенот на стручната подготовка на ангажираните работници, а не и видот поради тоа што се работи за помошна работна сила. Во секој случај, мора да признаеме дека во ваквов вид на јавна набавка е многу тешко најпрецизно да се специфицира тендерската документација.

Понатаму, забелешката дека со тоа што сме предвиделе во тендерската документација, максимална бруто цена на час по работник, како и минимална цена по час по работник и дека со тоа сме оневозможиле конкуренција меѓу економските оператори, сметаме дека е неоснована од причини што сме врзани за финансиските средства предвидени за оваа јавна набавка, а на операторите им се дадени насоки за планирањето на средствата и им е појаснето дека во критериумот цена повеќе се рангира оној кој ќе понуди пониска бруто цена од предвидената, а повисока минимална од планираната, а сето тоа во интерес на повисоки примања на ангажираните лица и помал трошок за Набавувачот.

Интенцијата на набавувачот е на примањата што ќе ги добиваат ангажираните лица, операторите да ги плаќаат сите придонеси, како и сите други права согласно Колективниот договор на АД ЕЛЕМ, што е наведено во тендерската документација и склучениот договор за 2010 година, како и во склучениот договор за 2011 година, но направен е превид и ова не е јасно истакнато во тендерската документација за 2011 година.

Истовремено, во насока на спроведување на препораката формирана е Комисија која е задолжена да ја утврди разликата помеѓу договореното и фактурираното во однос на договорите кои се предмет на дадените наоди и препораки од овластениот државен ревизор по оваа точка.

Доказ: Решение за формирање на Комисија бр.03-931/2 од 19.02.2013 год., кој Ви го доставуваме како **Прилог 2** на овој допис.

